македонското народноослободително движење, што се гледа и од поглавјата *Февруарскиот поход и британските воени мисии* (стр.74-94) и *Операцијата „Ратњеек" на територијата на Македонија* (стр.108-134).

По ослободувањето на Македонија британските воени мисии се префрлиле во Скопје. Дел од нив останале и понатаму да известуваат за состојбите во Македонија, а особено за настојувањата на македонското воено и политичко раководство за обединување на трите дела на Македонија. Со сеопфатна анализа на овие историски факти, авторот го дава своето гледиште во поглавјето *Активноста на британските воени мисии по ослободувањето на Македонија* (стр. 136-150), како и во поглавјето *Британските воени мисии во делот на Македонија под Грција и македонското национално прашање* (стр. 152-175). Овие две поглавја несомнено ќе го привлечат вниманието на читателот, пред сè поради актуелноста на некои теми кои до пред извесно време не можеа да бидат така јавно и објективно обработени, а кои се однесуваат во прв ред на дипломатските игри и тактики на Велика Британија и белградската Іврхушка" со што требало да се стави крај на стремежот на македонскиот народ за обединета Македонија, а неговата желба за македонска држава да се реализира единствено во рамките на Федеративна Југославија.

На крајот на книгата се сместени кратенките, користените извори и литература, статии, фељтони и монографии, како и именскиот и географскиот регистер. Тие треба да му го олеснат на читателот разбирањето на одделни поими и тематски единици.

Во целина гледано, оваа раритетна студија на д-р Тодор Чепреганов, во која се користени досега необјавени британски документи значајни за македонската најнова историја, без сомнение ќе разбуди голем интерес кај научните работници и кај поширокиот круг на читателската публика.

Љупка Тасевска

## Марјан Димитријевски
## ПОЛИТИКАТА НА ТРЕТИОТ РАЈХ КОН МАКЕДОНИЈА 1933-1945

Институт за национална историја, Скопје 2001, 165.

Овој монографски труд на д-р Марјан Димитријевски претставува една комплексна и интересна анализа на политиката на Третиот Рајх кон Македонија од 1933 до 1945 година, која воедно е и тригодишен успешно завршен научен проект работен во Институтот за национална историја. Во средиштето на оваа проблематика се наоѓа територијата на Македонија видена низ призмата на интересите на Третиот Рајх и нејзините сојузнички, пред сè како важно воено-стратегиско подрачје кое би претставувало клуч за освојување на Балканот, но и подрачје значајно од економски аспект. Токму затоа авторот оваа книга концепциски и содржински ја поделил на шест главни периоди, раководејќи се од главните аспекти на

дипломатската тактика и стратегија на Третиот Рајх во однос на Македонија. Ваквата поделба ја изложува во поглавјето *Периодизација на проблематиката* (стр.21-25), во која меѓу другото дава и еден хронолошки осврт на германскиот интерес кон Македонија кој датирал уште од раниот среден век, но особено се интензивирал пред и за време на Втората светска војна.

Во поглавјето *Првиот период 1933-26 март 1941* (стр.26-50), д-р Марјан Димитријевски најпрвин дава една општа слика за национал-социјализмот како политичка идеологија и неговото трансформирање во владејачка државна политика со конституирањето на Третиот Рајх во 1933 година, како и неговата желба за создавање на голем стопански германски простор, во прв ред во европски, а потоа и во светски рамки. Всушност, она на што авторот овде особено обрнува внимание е економското потчинување на земјите на Југоистокот, меѓу кои и Македонија, на стопанството на Третиот Рајх. Во ова поглавје со низа статистички податоци и табели тој ни го претставува агресивното германско навлегување со свои индустриски стоки во претежно аграрното подрачје на Балканот. Користејќи ги последиците од светската економска криза 1929 година, Третиот Рајх од земјите на Југоисточна Европа обезбедува евтини суровини за својата воена индустрија и нови пазари за пласирање на своите индустриски производи. Интересот кон Македонија (Вардарска бановина во тогашното Кралство Југославија), е диктиран пред сè од нејзиното богатство на рудници и рудни богатства, особено со цинк, олово, и др., неопходно потребни за Третиот Рајх.

*Вториот период 27 март-5 април 1941* (стр.50-55), ја разгледува територијата на Македонија пред Априлската војна 1941 година. Во подготовките на Третиот Рајх за напад на Кралството Југославија-Потфат 25, Македонија како составен дел била простор на кој се судрувале интересите на клучните сојузници на Третиот Рајх: царска Бугарија, фашистичка Италија и под нејзин патронат Голема Албанија.

*Во Третиот период 6 април 1941-8 септември 1943 година* (стр.56-74), авторот ја потенцира стратешката важност на Македонија во текот на Априлската војна, особено со тоа што Третиот Рајх ја искористил нејзината територија за да го спречи спојувањето на Кралската југословенска војска со единиците на Грчката армија и Британскиот експедиционен корпус. Несомнено окупацијата на Македонија имала големо значење и за успешно изведување на операцијата „Марита“-нападот на Грција и операцијата „Меркур“- истоварувањето на островот Крит. И по поделбата на Македонија меѓу Царска Бугарија и фашистичка Италија, односно Голема Албанија, Третиот Рајх ги запазил сопствените интереси во Македонија воспоставувајќи воено-стопански и известувачки служби, ориентирани првенствено кон понатамошна експлоатација на македонските рудни богатства. Она што го привлекува вниманието на читателот при разгледувањето на оваа книга се некои нови видувања на авторот за одредени прашања од поновата историја, кои се повеќе или помалку обработувани во македонската историографија. Така во поглавјето *Четвртиот период септември 1943-крај на август 1944*

(стр. 75-86), Димитријевски го разгледува обидот за формирање на македонски СС формации во егејскиот дел на Македонија, на иницијатива на Иван (Ванчо) Михајлов. Обид кој и покрај германскиот интерес останал нереализиран поради противењето од страна на Царска Бугарија. Авторот особено става акцент и на прашањето за создавањето на „Независна Македонија" 1944 година, при тоа користејќи се со најновите истражувања низ архивите и историските институти во СР Германија. Преку поголемиот дел од германските архивски документи, д-р Димитријевски настојува да фрли нов поглед врз обидот на Третиот Рајх со посредство на Ванчо Михајлов да создаде „Независна Македонија" по примерот на НДХ, во почетокот на септември 1944 година, изложен во *Петтиот дел септември-ноември 1944 година* (стр. 86-125). Всушност со овие контрамерки Третиот Рајх целел да го запази до крај германскиот интерес во Македонија, која сега станала централна област преку која требало да се повлече германската армиска група Е од Грција и Албанија. Воедно со оваа постапка требало и да се казни Бугарија за нејзиното нестабилно сојузничко однесување во деновите на нејзината капитулација. Сепак, со внимателна анализа на германските акти авторот ни дава една впечатлива констатација дека Ванчо Михајлов воопшто не сакал да се замери со официјалната бугарска власт за која ваквата македонска творба била надвор од нејзините интереси. По сето ова, германската страна се откажала од обидот за создавање на „Независна Македонија" за што придонела покрај останатото и брзата промена на воената ситуација на фронтовите во корист на антифашистичката коалиција. Иако во центарот на авторовото аспектирање во прв план се политичките и економските интереси на Третиот Рајх кон Македонија, тој не го занемарува ни фактот дека на нејзиното тло во 1943 година се формира слободна територија во Западна Македонија и се масовизира НОД. Поттикнат од тоа, Димитријевски во книгата ги разгледува посебно воените операции на МНОВ за конечното ослободување на Македонија, а дава преглед и на билансот на човечките жртви и материјалните добра.

Трудот е заокружен тематски и хронолошки *со Шестиот период од април-мај 1945* (стр.125-127), последниот период во кој Германците имале вооружени судири со македонските единици на територијата на Македонија. Меѓу другото, овде се обрнува внимание и на учеството на Федерална Македонија во конечната победа над фашизмот, особено преку дејствувањето на 15-тиот македонски корпус на Сремскиот фронт заедно со останатите југословенски единици.

На крајот на книгата се сместени заклучокот, кратенките, изворите и литературата кои се користени, регистерот на имињата и регистерот на географските поими. Сите тие треба да му го олеснат на читателот разбирањето на одделни поими и тематски единици. Она што особено го зголемува значењето на овој труд се и користените објавени и необјавени извори-германски документи, како и фактот што оваа монографија ја пополнува празнината во домашната и светската историографија која досега се нема конкретно и целосно зафатено со обработката на овој проблем. Меѓу другото, авторот при разра-

ботката на оваа проблематика, историските сознанија ги испреплетува и со останатите општествени научни дисциплини: дипломатијата, воените науки, етнологијата, економијата, социологијата. Ваквиот пристап како и јасниот, прецизен стил, придонесуваат оваа книга да биде интересна и прифатлива не само за научните работници кои се занимаваат со проучување на новата и најновата историја, туку и за пошироката јавност која сака да се здобие со поопширни знаења од историјата на Македонија и македонскиот народ.

Љупка Тасевска

## Историски сведоштва - ПРИКАЗ НА НАЈНОВИТЕ ТРУДОВИ НА ЈОРДАН ЦЕКОВ-ДАНЕ

(*Кумановско во НОВ (1941-1945)*, II книга, МИ-АН, Скопје 2002, 273; *Загинаа за слободата*, Графотекс-Куманово, Куманово 2001, 272; *Панче Пешев-казна што обвинува*, МИ-АН, Скопје, 2002, 189; *Христијан Тодоровски-Карпош*, СНБ-Општински одбор-Куманово, Куманово, 1999, 136)

Во изминатите неколку години, македонската историографска продукција беше збогатена со неколку трудови од мемоарско-популарен карактер од авторот Јордан Цеков-Дане.

Се работи за автор веќе познат на научната и пошироката јавност, кој со својот историографски и публицистички опус, се има произнесено и оставено сведоштва за бројни настани, личности и процеси од не така далечното историско минато на македонскиот народ. Неговиот интерес за историјата и обработката на историографски теми произлегува од неговата животна и професионална ориентација.

Јордан Цеков-Дане е роден 1921 година во Куманово. Уште како гимназијалец зема учество во напредното младинско движење во Куманово. Член е на СКОЈ од 1938 година, а со почетокот на Втората светска војна се вклучува во активностите на кумановската партиска организација за исфрлање на одред. Заедно со Панче Пешев и Христијан Тодоровски-Карпош е дел од јадрото на партизани од кои во август 1943 година е формиран Кумановскиот партизански одред. До крајот на војната заземал различни воени позиции од командир на чета до командант на Третата македонска ударна бригада. По завршувањето на војната Јордан Цеков-Дане извршувал повеќе воени и општесвено-политички функции, меѓу кои бил и директор на Републичкиот фонд за научна работа (1961-1967), како и стручен соработник во Институтот за национална историја( 1967-1979). Свои прилози и статии има објавено во повеќе весници и списанија, а со свои прилози учествувал и во работата на научни собири кои ја обработувале проблематиката на НОВ.

Плод на неговата неуморна работа и желба со свои искажувања и согледувања на НОАВМ во Куманово и Кумановско да даде придонес во расветлувањето на определени настани